# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 6 Август 2010 година<br>Службен гласник број 9<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ОД 2010 ГОДИНА**

1. Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп од 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/3
06.08.2010 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.46 од Законот за градежно земјиште ("Сл.Весник на РМ" бр.82/2008 и 143/2008) , како и чл.43 т.7 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп"бр.6/2003 , 4/2005 и 10/2008) , Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 05.08.2010 година, ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп бр.07-167/3 од 25.01.2010 година**

1. Со оваа Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп бр.07-167/3 од 25.01.2010 година се вршат измени и дополнување во:
**ЈДА *Изведба и реконструкција на улици,** се додаваат следните улици

| | |
|---|---|
| Улица - Трајко Тарцан | 50 м |
| Улица - Кораб | 300 м |

**Подточка 6.1.** во Делот **"Стимулативна Регулатива за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште ",** на начин што истиот се брише , и истиот Дел во продолжение гласи како следи :
**" Стимулативна Регулатива за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште**

- Инвеститорите кои ќе градат објекти , надоместокот за уредување на градежно земјиште за објекти и инсталации од индивидуално користење го плаќаат во полн износ.

- На инвеститорите кои ќе изградат објекти , а на кои им е уплатен надоместок за уредување на градежно земјиште за објекти и инсталации од индивидуално користење во полн износ , од кога ќе го обезбедат соодветното Одобрение за употреба на предметниот објект , може да им се врати дел од надоместокот за уредување на градежно

земјиште за објекти и инсталации од индивидуално користење , како следи :
. за вработени од 5-20 вработувања .............25%
. за вработени од 21- 50 вработувања ..........50%
. за вработени од 51-100 вработувања ..........75% и
. за вработени над 100 вработувања ............100%

- За да им се врати дел од надоместокот за уредување на градежно земјиште за објекти и инсталации од индивидуално користење , согласно на погоренаведениот став , Инвеститорите треба да приложат :

- Програма за инвестициони вложувања со број на вработени за објектот за кој ке бидат ослободени;

- Обрасци М1 и М2 за редовно вработени лица заверени на Нотар;

- Инвеститорите се должни бројот на вработените , за кои ќе бидат дел од средствата рефундирани на име уплатен надоместок , да не го намалуваат во текот на 5 (пет) години од денот на вработување на истите , за што е потребно да достават Изјава заверена на Нотар.

- Инвеститорот кој ќе го намали бројот на вработените во текот на 5 (пет) години , а на истиот му биле дел од средствата рефундирани на име уплатен надоместок , е должен
тие средства да ги уплати во Општина Прилеп , а доколку тоа не го стори доброволно , на истиот , по судски пат согласно на позитивните законски прописи ќе му бидат наплатени со законска затезна камата.

2. Останатите одредби од Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на ЕЛС-Општина Прилеп бр.07-167/3 од 25.01.2010 година , остануваат непроменети.

3. Оваа Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на ЕЛС-Општина Прилеп бр.07-167/3 од 25.01.2010 година влегува во сила наредниот ден од денот на Објавувањето во "Сл.Гласник на Општина Прилеп"

Број 07 - 1768/4
05.08.2010 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ОД КП 9507 ВО ПРИЛЕП, УАЕ 11 СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА А 1 - ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 9507 во Прилеп, УАЕ 11 со основна класа на намена А 1 - домување во станбени куќи, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/4
06.08.2010 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 05.08.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А
за утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од кп.9507 во Прилеп ,УАЕ 11со основна класа на намена А1-(домување во станбени куќи)

### Чл.1
Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) за формирање на градежна парцела од кп.9507 во Прилеп ,УАЕ со основна класа на намена А1-(домување во станбени куќи) и сите компатибилни класи на намена на основната класа на намена .

### Чл.2
Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД за формирање на градежна парцела од кп.9507 во Прилеп ,УАЕ со основна класа на намена А1-(домување во станбени куќи) и сите компатибилни класи на намена на основната класа на намена .

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил:ПР
Проверил:ИЧ
Одобрил:ИК

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1768/5 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 05.08.2010 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стеванаџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ОД КП 12425/1 СО ОСНОВА КЛАСА НА НАМЕНА Г 3 - СЕРВИСИ - КО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 12425/1 со основа класа на намена Г 3 - сервиси - КО Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 1772/5 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 06.08.2010 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 05.08.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од кп. Бр.12425/1 со основна класа на намена Г3-Сервиси - КО Прилеп , општина Прилеп

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) за формирање на градежна парцела од кп. Бр.12425/1 со основна класа на намена Г3-Сервиси - КО Прилеп , општина Прилеп.

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД ) за формирање на градежна парцела од кп. Бр.12425/1 со основна класа на намена Г3-Сервиси - КО Прилеп , општина Прилеп.

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил:ПР
Проверил:ИЧ
Одобрил:ИК

| | |
|---|---|
| Број 07 - 1768/6 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 05.08.2010 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Димитар Стеванаџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ОД КП 2132, КП 2133 - ДЕЛ, КП 2135 - ДЕЛ И КП 2136-ДЕЛ, СО ОСНОВА КЛАСА НА НАМЕНА Г 2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА - КО ПРИСАД, ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 2132, КП 2133 - дел, КП 2135 - дел и КП 2136-дел, со основа класа на намена Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија - КО Присад, Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/6
06.08.2010 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 05.08.2010 година, донесе:

## О Д Л У К А

За утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од кп. Бр.2132 ,кп.2133-дел, 2135-дел и 2136-дел со основна класа на намена Г2–Лесна и незагадувачка индустрија - КО Присад , општина Прилеп

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) за кп.Бр.2132 ,кп.2133-дел и 2135-дел и 2136-дел КО Присад , општина Прилеп за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г2- Лесна и незагадувачка индустрија.

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД за кп.Бр.2132 ,кп.2133-дел и 2135-дел и 2136-дел КО Присад , општина Прилеп за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г2- Лесна и незагадувачка индустрија.

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил:ПР
Проверил:ИЧ
Одобрил:ИК

Број 07 - 1768/7
05.08.2010 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАНСКА ПРОГРАМА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА ОД КП 6042 СО ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА Г 2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА - КО ВАРОШ, ОПШТИНА ПРИЛЕП

1. Одлуката за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 6042 со основна класа на намена Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија - КО Варош, Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/7
06.08.2010 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.15-а ст.2 и чл.50-а став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/2007и 91/09), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 05.08.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување потреба од изработка Локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од кп. Бр.6042 со основна класа на намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија - КО Варош , општина Прилеп**

**Чл.1**

Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација ( во понатамошниот текст ЛУПД) за формирање на градежна парцела од кп. Бр.6042 со основна класа на намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија - КО Варош , општина Прилеп.

**Чл.2**

Се усвојува Планската Програма за изработка на ЛУПД ) за формирање на градежна парцела од кп. Бр.6042 со основна класа на намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија - КО Варош , општина Прилеп.

**Чл.3**

Планската Програма содржи текстуален и графички дел.

**Чл.4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Изработил:ПР
Проверил:ИЧ
Одобрил:ИК

Број 07 - 1768/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.08.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ - УМЕТНИЧКО -АРХИТЕКТОНСКИ КОМПЛЕКС "КАРПАЛАК"**

1. Одлуката за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - Уметничко-архитектонски комплекс "Карпалак", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.08.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на РМ" бр. 66/2004), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.08.2010 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - Уметничко архитектонски комплекс "Карпалак"**

**Член 1**

Со оваа Одлука во чест на загинатите припадници на вооружените сили на РМ во 20001 година, жители на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, се подига спомен обележје - Уметничко архитектонски комплекс "Карпалак".

**Член 2**

Локацијата на Уметничко архитектонскиот комплекс "Карпалак" заедно со целото партерно решение се наоѓа на спојот на улиците: "Борис Кидриќ", "Јоска Јорданоски" и Булевар "Маршал Тито" или поточно на просторот пред тринаесеткатниот станбен објект.

Површината на целиот комплекс изнесува околу 2.000 м2.

Уметничко архитектонскиот комплекс "Карпалак" ќе биде изработен од челик, гранит и други локални материјали.

**Член 3**

За реализација на иницијативата за подигање на Спомен обележјето ќе се грижи Советот на општина Прилеп.

Одговорно лице - координатор на активностите е Карески Илија, дипломиран инжинер архитект, раководител на Секторот за урбанизам.

**Член 4**

Советот на Општината ќе управува и ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележјето.

**Член 5**

Потребните средства за подигањето на спомен обележјето се обезбедени од Министерството за култура.

**Член 6**

Потребните средства за чување на обележјето ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Прилеп.

**Член 7**

Рокот за подигање на спомен обележјето е една година.

**Член 8**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1768/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.08.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗБИРНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ШТЕТИТЕ ОД НЕВРЕМЕТО ОД 21.07.2010 ГОДИНА ВО С. КРУШЕВИЦА И ЧАНИШТЕ - ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Збирниот Извештај за проценка на штетите од невремето од 21.07.2010 година во с. Крушевица и Чаниште - Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.08.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.08.2010 година, Претресувајќи го Збирниот извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на 21.07.2010 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Збирниот извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на 21.07.2010 година во с.Крушевица и Чаниште - Општина Прилеп

1. Се усвојува Збирниот извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на 21.07.2010 година, во с.Крушевица и Чаниште - Општина Прилеп.

2. Заклучокот и Збирниот Извештај да се достават до Републичката комисија за проценка на штети при Владата на РМ, Министерството за финансии, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1768/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.08.2010 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ**

1. Решението за утврдување престанок на мандат, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
06.08.2010 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 46 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправ ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 05.08.2010 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за констатирање престанок на мандат на членови на Советот на Општина Прилеп

1. На членовите на Советот на Општина Прилеп: ГОЦЕ ИНГИЛИЗОВ, СОЊА БЛАЖЕСКА, ИЛИЈА БОГАТИНОСКИ, САШКО НИКОЛОСКИ и БРАНКО НЕШКОСКИ, им се констатира престанок на мандатот на членови на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ +, поради поднесена оставка, согласно член 46

став 1 алинеа 1 од Законот за локалната самоуправа, од денот на одржувањето на седницата.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

3. Решението да се достави до именованите, Општинската изборна комисија, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1768/11
05.08.2010 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕБАЛАНСОТ - ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Ребалансот - Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Прилеп за 2010 година,
се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/1
06.08.2010 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗАИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА ВТОР КВАРТАЛ ОД 2010 ГОДИНА**

1. Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за Втор Квартал од 2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1772/2
06.08.2010 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

# С О Д Р Ж И Н А
# на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 9 од 06.08.2010 година

1. Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп од 2010 година......................**Стр. 1**

2 . Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 9507 во Прилеп, УАЕ 11 со основна класа на намена А 1 - домување во станбени куќи..........................................................................**Стр. 2**

3. Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 12425/1 со основа класа на намена Г 3 - сервиси - КО Прилеп..........................................................................................................**Стр. 3**

4. Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 2132, КП 2133 - дел, КП 2135 - дел и КП 2136-дел, со основа класа на намена Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија - КО Присад, Општина Прилеп. .....................................................................................**Стр. 4**

5. Одлука за утврдување потреба од изработка на локална урбанистичка планска документација и усвојување на Планска Програма за формирање на градежна парцела од КП 6042 со основа класа на намена Г 2 - лесна и незагадувачка индустрија - КО Варош, Општина Прилеп. ................................**Стр. 5**

6. Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје - Уметничко-архитектонски комплекс "Карпалак"................**Стр. 5**

7. Збирен Извештај за проценка на штетите од невремето од 21.07.2010 година во с. Крушевица и Чаниште - Општина Прилеп. ....................................**Стр. 6**

8. Решение за утврдување престанок на мандат на членови на Советот на Општина Прилеп...........................................................................................**Стр. 6**

9. Ребаланс - Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Прилеп за 2010 година. .........................................................................................................**Стр. 8**

10. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за Втор Квартал од 2010 година. ...................................................................**Стр. 45**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.**